**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА**

Согласно Глава 6 од Правилата за котација, известуваме за следната ценовно чувствителна информација:

ТЕТЕКС АД Тетово ги известува своите акционери дека на 26.12.2017 година ќе ја реализира исплатата на дивидендата согласно одлуката за дивиденда и дивиденден календар од 27.11.2017 година.

Право на исплата на дивиденда за 2016 година имаат сите акционери на ТЕТЕКС АД Тетово кои се евидентирани во акционерската книга на ден 15.12.2017 година.

Исплатата на дивидендата на правните и физичките лица ќе се врши со пренос на средствата на нивните сметки во ТТК Банка , или во друга банка за која дале овластување минатите години.

Правните и физички лица кои немаат дадено податоци на која сметка да им бидат префрлени средствата од дивиденда, ќе треба да доставaт податоци во која банка да им се префрлат средствата. Податоците за исплата на дивиденда да се доставаат во ТЕТЕКС АД Тетово на адреса ул.Браќа Миладинови бр.1 Тетово, или на e-mail: teteks@t-home.mk; или zarko@teteks.com.mk

Согласно чл.77 став 1 од Законот за персонален данок на доход, потврдите за пресметан и платен персонален данок на приход од капитал за дивидендата ќе бидат доставени до секој акционер. Доколку некои акционери не ја добијат потврдата заради технички причини (промена на адреса и слично), истата може да се подигне во ТЕТЕКС АД Тетово во секторот за информатика .

Дополнителни информации можат да се добијат на следниве телефонски броеви:

044 355-005 или 044 355-011

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**